Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje ne Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Pranuar: 28.1.25 | | | |
|---|---|---|---|
| N. | Број Numri | | |
| 1005 | 223/1 | | |

( Образец ПП……)

До ---- Државна комисија за одлучување во управна постапка,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен------
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
--Решение бр.0801-268 од 18.12.2024--Записник
------------------------------------------------------------------------------------------
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго—Лично на подносителот-----------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:--[redacted]
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во--Скопје---

Датум 28.01.2024година

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

04-02 2025 година

**Архивски број:** 1005-223/2

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и заведено со наш број 1005-223/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ “ бр.101/19). Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е да им се овозможи на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите. Притоа, остварувањето на „јавниот интерес“ значи остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којашто има предност пред индивидуалните потреби и права на заедницата.

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер со оглед на тоа што барате примерок од Записник од предмет 0801-268. Имено, записникот кој е предмет на Барањето за пристап до информации од јавен карактер е составен дел на предметот 0801-268. Во тој случај, Ви укажуваме дека Вашите прави и лични интереси може да ги остварите согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои се јавувате како странка или имате правен интерес и правната заштита може да ја барате согласно тие закони.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk